# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ЈАНУАРИ 2019 • БРОЈ 28



## ПЛОШТАД „КОЦКА“ ВО АВТОКОМАНДА ДОБИ НОВ И СОВРЕМЕН ЛИК

www.gazibaba.gov.mk

# ЕДНА ГОДИНА СОЗДАВАМЕ ЗАЕДНО СО ГРАЃАНИТЕ ОТВОРЕНА И РАЗВИЕНА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



**Почитувани граѓани,**

Помина една година откако ја предводам општина Гази Баба. Чувствувам одговорност пред вас граѓаните, кои ми ја дадовте најголемата поддршка, да дадам отчет за се што сум превземал и сработил оваа година како градоначалник.

Градевме по план и за оваа година изградивме и рехабилитиравме повеќе од 30 улици. Оваа година асфалтиравме улици со вкупна должина од 10 километри, изградивме водоводна мрежа во должина од 5800 метри, канализациска мрежа долга 3200 метри. Градевме и пешачки патеки и тротоари, чија должина изнесува 5300 квадратни метри.

Целосно го променивме ликот на плоштадот „Коцка" во Автокоманда, кој прерасна во мултифункционално катче за сите генерации, со површина од 3.200 квадратни метри.

Изградивме и прва вакуум станица во Јурумлери, а оваа година почнуваме и со изведба на канализациска мрежа. Извршивме прекоп со кој обезбедивме функционалност на канализациската мрежа во Трубарево, со што овие две населени места ќе добијат канализациска мрежа.

Во 2019 година, на канализациска мрежа ќе бидат поврзани Црешево, Смилковци и Виниче.

Ги реновиравме објектите на месните заедница во Синѓелиќ и Стајковци, во кои ги отворивме и двете канцеларии за превенција во соработка со ОБСЕ и МВР. Во месната канцеларија Синѓелиќ граѓаните ќе можат да извадат изводи од матичната книга, а канцеларија ќе има и Министерството за труд и социјални работи.

Во текот на 2018 година, во постапка на донесување беа 24 детални урбанистички планови, од кои 7 се кај Комисијата за стручно мислење за предлог планот, а 2 ДУП-ови ги испратив до советот за усвојување. Во 2018 година доделени беа 650 Решенија за легализација и 109 правосилни Решенија за градба.

Јавното комунално претпријатие "Гази Баба 2007" беше сосема заборавено. Доби нова механизација и опрема. Набавени се багер и два камиони, нови рачни и моторни косилки и тримери, а вработените конечно добија нови униформи. Обезбедивме нов модерен и деловен простор за оваа институција.

Поставивме нова урбана опрема низ населените места, а дупло го зголемивме и бројот на работници. ЈКП „Гази Баба 2007" денес е вистински сервис на граѓаните.

Спроведовме повеќе мерки за енергетска ефикасност преку обезбедување на субвенции за реконструкција на кровови на 10 згради, субвенции за набавка на печки на пелети, а започнавме и подготовка за проектот за изведба на термо фасади на зградите.

Основното училиште „Његош" доби нов покрив, заменети се старите прозорци во ОУ „Стив Наумов", реконструирани се санитариите во ОУ „Наум Наумовски Борче" и ОУ „25-ти Мај". Училиштата добија смарт табли, преку кои учениците имаат можност за интерактивна настава, а во три од нив, поставивме филтри за вода.

Не ги заборавивме ниту младите. Доделивме два гранта од по 100.000 денари за млади иноватори. Ги поддржуваме нашите млади таленти и спортисти. Заедно со Агенцијата за млади и спорт градиме фитнес зона во парк шумата Гази Баба.

Го опремивме домот на култура "Димитар Влахов" во Автокоманда, кој доби нова мултимедијална сала и библиотека. Поддршка дадовме и за објавување на книги.

Општина Гази Баба е една од ретките која успеа за една година да привлече инвестиции со вкупна вредност од 331.000.000 евра. Индустри сервис, Прилепска пивара, американската компанија Телемон, се фирмите кои својот бизнис го градат токму во нашата општина, на што сум особено горд.

Се гради новата училишна зграда на ОУ „Вера Јоциќ", а ова училиште ќе добие и нова спортска сала. Започнува со изградба новата градинка во Стајковци, проширувањето на градинката „Морковче" во Јурумлери и градинката „Калинка" во Железара. Во оваа една година мандат, заедно со УНДП, започнавме проект за изградба на нов дневен центар за деца со посебни потреби во Автокоманда.

Ова се само дел од проектите кои јас, како градоначалник на општина Гази Баба ги спроведов во првата година од мојот мандат. Граѓаните веќе ја препознаваат разликата и затоа во наредните три години ќе се вложам максимално, со цел да ја направам општината современа, модерна, убава, во сите нејзини делови. Сите жители да имаат рамноправни услови за живеење, без разлика дали се од урбаниот или руралниот дел на Гази Баба.

Им благодарам на сите граѓани од општина Гази Баба за поддршката која ми ја даваат со кои заедно за оваа изминатата година создадовме модерна и отворена општина како и на сите соработници кои веруваа во мене и своите идеи ги пласираа токму во Гази Баба. Продолжуваме со полна муреа и наредниот период кој што следува.

**Борис Георгиевски,**
**градоначалник**

# ДОНЕСЕНИ 224 АКТИ ЗА МОДЕРНА ОПШТИНА



Советот на општина Гази Баба е конституиран на 10.11.2017 година со верификација на мандатите на 27-те избрани членови на Советот.

Во изминатата една година мандат, одржани се вкупно 15 седници на кои се донесени 224 акти за модерна, просперитетна и препознатлива по своите карактеристики - општина Гази Баба, како подобро место за живеење за своите жители.

Сите одлуки, заклучоци, програми и планови за развој кои во изминатите 15 седници се донесени, подеднакво се важни за подобрувањето на условите за живот на граѓаните на општина Гази Баба, од областа на урбанизмот, локалниот економски развој, енергетската ефикасност, комуналните дејности и комуналната инфраструктура, заштитата на животната средина и природата, културата, спортот, месната самоуправа, социјалната заштита, образованието итн.

Одлуките кои Советот на општина Гази Баба ги донесе во изминатиот период беа усвојувани едногласно, со поддршка и конструктивен пристап од членовите на Советот на општината кои припаѓаат на партиите кои го немаат мнозинството во Советот.

Советот на општина Гази Баба и во иднина ќе продолжи да дава безрезервна поддршка на Градоначалникот на општината во реализација на ветените проекти, за кои ја имаме добиено довербата од граѓаните.



# ГАЗИ БАБА ПОБОГАТА ЗА УШТЕ ЕДНА ИНВЕСТИЦИЈА КОЈА ЌЕ ОТВОРИ 100 НОВИ РАБОТНИ МЕСТА



Со поставување на камен – темелник, започна изградбата на објектот за подготовка, дистрибуција и послужување на храна, односно на индустриски кетеринг.

Реномиранaта компанијата "Индустри сервис" преку оваа инвестиција која е вредна 1.500.000 евра, ќе ги отвори своите врати за 100 нови работни места, а се очекува да биде готова до втората половина на 2019 година. Ќе се простира на површина од 1.800 квадратни метри и ќе има капацитет за подготовка и служење на 9.000 оброци дневно или 2 милиони оброци на годишно ниво.

Објектот се наоѓа на улицата "Благоја Стефковски" бб, веднаш зад средното електротехничко училиште "Михајло Пупин".

Овој објект за подготовка на храна ќе претставува најголем и најсовремен угостителски капацитет од овој тип на цела територија на Македонија. Целна група ќе бидат домашните и странските компании во земјава со над 300 вработени.

## *Прилепска пивара инвестира во општина Гази Баба*

Започна со градба новиот дистрибутивен центар за пиво и безалкохолни пијалоци на Прилепска пивара. Овој објект се простира на 5.040 квадрати метри под објект, а вкупната градежна парцела е 11.500 квадратни метри, со локација во Идризово.

Инвестиција вредна 3,5 милиони евра, сопствени средства на компанијата, каде ќе се отворат повеќе од 30 нови работни места од различни профили и степен на образование.

Како општина и понатаму ќе бидеме верен партнер на сите идни домашни и странски инвеститори кои преку тоа ќе влијаат за развивање на општината, а со тоа и на намалување на невработеноста во Гази Баба.



## *Нова бензинска станица на Лукоил Македонија во Гази Баба*




Во населеното место Трубарево, руската компанија Лукоил Македонија, инвестираше во трета бензинска станица на подрачјето на општина Гази Баба, со што Лукоил Македонија на територијата на Република Македонија има отворено вкупно 28 бензински станици.

На свеченото отворање присуствуваа градоначалникот Борис Георгиевски, генералниот директор на Лукоил Македонија, Андреј Куку, амбасадорот на Русија во Република Македонија Н.Е. Олег Шчербаг, министерот за транспорт и врски, Горан Сугаревски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски и жители на општината.

Градоначалникот Борис Георгиевски, истакна дека општина Гази Баба е отворена и подготвена да ги подржи сите заинтересирани домашни и странски компании, кои сакаат да инвестираат во неа, со што би се отвориле и нови работни места за жителите на општината и на градот Скопје.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГЕОРГИЕВСКИ СЕ СРЕТНА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА КОМПАНИЈАТА ТЕЛАМОН





Градоначалникот на Гази Баба, Борис Георгиевски и министерката задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска, се сретнаа со претставници на највисокиот менаџмент на компанијата Теламон и Теламон Европа кое имаат свое претставништво во Инџиково, на територија на општина Гази Баба. Компанијата се бави со производство на сигурносни појаси и воздушни перничиња.

На работниот состанок, претставниците на Теламон ги информираа присутните дека нивната компанија која стартувала со работа во јули со само 3 вработени, сега има вкупно 37 работници. Во меѓувреме тие веќе ги поставиле ресурсите, опремата и материјалите. Досега произвеле над 1.000 тест примероци, а со производство ќе започнат во октомври. Според нивните најави, во наредниот период, во компанијата ќе бидат вработени уште 37 лица.

## Состанок на Бизнис клубот на Гази Баба

Во просториите на Компанијата Ариље метал, во коорганизација на компанијата Кенди, се одржа 11 - тиот состанок на Бизнис клубот на општина Гази Баба. На состанокот присуствуваа градоначалникот Борис Георгиевски, заменик претседателот на Владата на Република Македонија, Д-р. Кочо Анѓушев и околу 40 претставници на компаниите од општината.

Фокус на состанокот беше презентацијата на Предлог - Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Планот за економски раст на Република Македонија.

Вицепремиерот Анѓушев ги претстави основните елементи на Предлог - Законот, презентирајќи ги основните елементи на финансиската поддршка, кои се состојат во: инвестиции во машини, производствени хали, во делот на поддршка на отворање на нови работни места, поддршка на позитивните финансиски резултати во работењето, во делот на отворањето на посебните организациони единици за истражување, развој и поддршка за освојување на нови пазари.



## Отворен Клуб на млади во Ресурсниот центар на СОС Детско село

Во Ресурсниот центар на СОС Детско село, беше отворен Клуб на млади, со поддршка на општина Гази Баба.

Целта на овој клуб е да се зајакнат капацитетите на корисниците на услугите, чија крајна цел е вработување, помош при развивање на бизнис идеи во конкретен бизнис план и давање грантови за отворање на мали бизниси, пристап до информации за слободни работни места, кариерно советување, објавување на огласи за работа, размена на искуства, знаења, мотивација и вмрежување на младите .

Во овие активности ќе биде вклучен и бизнис секторот од општина Гази Баба.



# УЛИЦА ТОВАРНИК ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА И ПРОШИРЕНА

Тесната и тешко пристапна улица Товарник 1 каде едвај се разминуваа две возила и која во голем дел беше узурпирана, доби нов лик. Улицата денес е широка 5 метри со две ленти и тротоари од двете страни за поголема безбедност на пешаците.

Пред поставувањето на асфалтната подлога, на улицата беше извршена целосна обнова на водоводната, атмосферска и канализациска мрежа.

Улицата Товарник е пример за новиот начин на работа на општината. Градиме плански и без селективност. Најпрво ги решаваме инфраструктурните потреби со водоводната и канализациската мрежа, па дури потоа се асфалтира.

Благодарност до граѓаните кои живеат на улица Товарник број 1 што го препознаа овој искрен пристап на општината, што соработуваа и имаа трпение додека траеше целиот процес.







## *Целосно реконструирана улицата Гемиџиска во Железара*

Откако со години беше оштетена и крпена, улицата Гемиџиска во населба Железара, се најде во годишната програма за работа на секторот за комунални работи на општината и беше целосно обновена.

Обновен и во целост е заменет асфалтот на улицата во должина од 1000 метри, а беше извршена обнова и на паркингот под Жито Маркет.







# ОТВОРЕН КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР ВО АВТОКОМАНДА







Во општина Гази Баба беше свечено пуштен во употреба Културниот центар „Димитар Влахов“, во кој функционира културен дом, библиотека и најсовремено музичко студио за снимање на филмска музика на компанијата Феимс од Франција.

Културниот центар е направен по пат на Јавно приватно партнерство, помеѓу општина Гази Баба и француската компанија Феимс.

На свеченото отворање присуствуваа амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, министерот за култура, градоначалникот на град Скопје, Петре Шилегов, претставниците на компанијата Феимс, членови на Советот на општина Гази Баба и жители на општината.

Одличната соработка на општината со компанијата Феимс резултираше со нова голема инвестиција во Гази Баба и изградба на нов, современ културен центар во Автокоманда.

Пред присутните гости се обрати градоначалникот Борис Георгиевски кој беше особено горд што на Светскиот ден на театарот, токму од местото каде се наоѓаше стариот Дом на култура, се обрати од новите простории, кои сега се наменети за граѓаните од општината како дом на култура „Димитар Влахов“.

Со овој проект започна и децентрализацијата во Република Македонија на културата. Општина Гази Баба е прва општина која ја реализира децентрализацијата во делот на културата и со тоа ќе сме пример за другите општини.

Сакам да најавам дека преку оваа форма на соработка, со Јавно приватно партнерство, во план ни е да ги уредиме и обновиме и другите два дома на култура во општината, истакна градоначалникот Борис Георгиевски на церемонијата на свеченото отворање

По завршувањето на официјалниот дел, присутните имаа можност да го разгледаат културниот центар и по повод Светскиот ден на театарот, ја проследија театарската претстава „Островот на скриеното богатство“, во изведба на аматерскиот театар „Чекори“.

## *Плоштадот “Коцка” во Автокоманда доби нов и современ лик*

Плоштадот “Коцка” во Автокоманда, кој се наоѓа зад домот на културата “Димитар Влахов”, доби сосема нов лик. Од празен и монотон простор, граѓаните од овој дел на Гази Баба, добија ново катче кое ќе биде мултифункционално, наменето за сите возрасти.

Проектот беше граден во три фази. Во првата фаза беа опфатени најкрупните зафати, поставено беше ново економично смарт осветлување, изградени беа пристапните рампи за лица со инвалидитет кои меѓусебе се поврзани. Изградена е новата пристапна платформа која го поврзува плоштадот со Домот на култура, а плочникот е целосно обновен, обложен со ситнозрнест гранулиран бетон, како и скалите на плоштадот.

Целиот простор има форма на отворена сцена која претставува одлично место за културни манифестации, а се простира на површина од 2300 квадратни метри.

Во втората фаза, ќе се гради современо детско игралиште, а во третата, ќе се уредува паркинг просторот, кој ќе биде ограничен само за потребите на станарите или сопствениците на дуќаните во околината.

Со манифестацијата „Вкуси ја Гази Баба“ плоштадот Коцка беше свечено пуштен во употреба. Граѓаните уживаа во добра храна и музика, вкусувајќи ги традиционалните јадења од општината и производите од компаниите кои се наоѓаат на територија на Гази Баба.











# НОВА ГРАДИНКА ЌЕ СЕ ГРАДИ ВО СТАЈКОВЦИ

Нова градинка на површина од 1230 м2 ќе се гради во Стајковци. Објектот ќе содржи 6 занимални и една група за јасли, со вкупен капацитет од 140 деца. Општина Гази Баба до сега целосно ја заврши постапката за трансформација на земјиштето каде се планира градинката, како и целосната проектна и техничка документација.

Оваа нова градинка ќе допринесе во зголемување на вкупниот капацитет за згрижување на децата во градинките, а со тоа ќе се намали и листата на чекање за упис во градинките.

Вкупната вредност на овој проект е 30.000.000 денари.







## Проширување на градинката Морковче во Јурумлери

Го проширувае капацитетот во градинката Морковче во Јурумлери со доградба на нова занимална со површина од 72 метри квадратни.

За жал, иако оваа градинка е изградена во 2012 година, сепак капацитетот не ги исполнуваше потребите на граѓаните.

Вкупната вредност на овој проект изнесува 2.700.000 денари.

Со извршената доградба на градинката дополнително се проширува вкупниот капацитет во градинките, а на родителите им се олеснува проблемот за упис на своите деца.












# МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО СТАЈКОВЦИ И СИНГЕЛИЌ ЦЕЛОСНО СЕ РЕКОНСТРУИРАНИ

Целосно се реконструирани месните заедници во Стајковци и Синѓелиќ. Објектите кои беа запуштените и вон употреба, сега се во служба на граѓаните од овие населени места.

Во објектот во Синѓелиќ, има неколку канцеларии и тоа на месната заедница, МВР со канцеларии за превенција, потоа Министерството за труд и социјална политика за социјална заштита и Министерството за правда со канцеларија на матична служба, каде граѓаните ќе можат да вадат изводи од матичните книги.





## Поставена вештачка трева на четири спортски игралишта

Реновирани се спортските игралишта за мал фудбал во Синѓелиќ, Смилковци, Ченто и Трубарево и на истите е поставена вештачка трева.

Овие терени беа оштетени и небезбедни за децата, а денес тие се убаво спортско катче за рекреација.

Општина Гази Баба вложува во создавање на квалитетни услови за спортување, со цел младите да ги вратиме на терените и спортските сали и поголем дел од своето слободно време да го посветат на спортот.



## Пролетна и есенска дератизација во Гази Баба

Два пати во годината, во пролет и есен, во општина Гази Баба се спроведе дератизација на шахтите во општина Гази Баба.

Со постапката за уништување на глодарите опфатени се 2500 шахти, за кои се употребува соодветен препарат. Акцијата ја изведува ЈЗУ„Центар за јавно здравје – Скопје".



## Реконструирана улицата 28 во Синѓелиќ

Оштетена за време на поплавата во 2016 година, улицата 28 беше целосно покриена со кал и претставуваше голем проблем за жителите на Синѓелиќ.

Извршена е целосна обнова на водоводната и канализациската мрежа на улицата и истата во целост е асфалтирана во должина од 790 метри. Покрај главната улица 28, се работеше и на сите придружни краци од улицата, каде беше извршена обнова на водоводната и канализациска мрежа, по што сите краци беа асфалтирани.

*Нов капитален проект*

# БУЛЕВАРОТ АСНОМ ЌЕ ГИ ПОВРЗУВА ГАЗИ БАБА И АЕРОДРОМ






Градот Скопје најави започнување на проектот продолжување на булеварот АСНОМ со цел спојување на општините Гази Баба и Аеродром. Овој проект како идеја е планиран уште во генералниот урбанистички план во 1965 година и до ден денес не е реализиран, заради не давање приоритет од градските власти.

Градоначалникот на град Скопје, Петре Шилегов најави започнување на овој проект кои треба да биде готов за 24 месеци од почетокот на неговата реализација.

Тимови на општина Гази Баба и градот Скопје веќе започнаа подготовка за експропијација на земјиштето, каде е предвидена трасата од новиот булевар.

Продолжувањето на булеварот АСНОМ покрај хотел Русија со изградба на нов мост преку реката Вардар, ќе премине од страната на Ќерамидница и ќе се движи се до раскрсницата кај скопскиот саем.

Во оваа капитална инвестиција на градот Скопје планирано е пробивање на нов и реконструкција на стар булевар во должина од 2170 метри, изградба на нов мост со должина од 120 метри, како и пешачки и велосипедски патеки од двете страни и дрворед.

Изградбата на овој нов булевар ќе значи и отворање на нови автобуски линии, што дополнително ќе го олесни и забрза јавниот превоз на граѓаните од општина Гази Баба.

# НОВА ВАКУМ ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО ЈУРУМЛЕРИ





Во населеното место Јурумлери се изгради првата вакуум пречистителна станица, која патем е и прва од овој тип во општината но, и во Република Македонија. Со изградбата на оваа станица се решава фекалната одводна канализација во ова рурално место.

Градоначалникот, кој направи увид на станицата, нагласи дека „ Ризикот кој постои во моментов во Јурумлери се подземните води и во оваа област постојат премногу септички јами кои се голем еколошки проблем и со изградба на нова фекална вакуумска мрежа овие ризици целосно ќе се елиминираат. Со изградбата на пречистителната станица со мониторинг и команден пулт, вакуум пумпи и примарна фекална мрежа во должина од 4 км, ќе се подобри квалитетот на животот на жителите од н.м Јурумлери."

Втората фаза на овој проект опфаќа приклучување на секое домаќинство од н.м Јурумлери.

# ИЗВРШЕН ПРЕКОП ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ФЕКАЛНАТА МРЕЖА ВО ТРУБАРЕВО

Извршивме прекоп на улицата во населеното место Трубарево, со што е извршено функционално поврзување на повеќето краци и препумните станици.

Со овој зафат жителите на населеното место Трубарево после 16 години добиваат единствен функционален фекален систем.





## НОВ ТРОТОАР ЕРГЕЛЕ – ХИПОДРОМ

Нов тротоар во должина од 1300 метри е изграден на потегот од Ергеле до Хиподром. Овој дел од патот до сега немаше пешачка патека, при што граѓаните мораа да се движат на улицата на крајно небезбеден начин.

Со изградбата на овој тротоар ја зајакнавме безбедноста на граѓаните во овој дел од општината.

Покрај тротоарот Ергеле-Хиподром изведени се и тротоари на улица Палмиро Тољати до градинката Искра, како и во пешачка патека во паркот на улица Беровска.



## ТАМПОНИРАНИ УЛИЦИТЕ ВО РАШТАК, БУЛАЧАНИ, ЦРЕШЕВО, СТРАЧИНЦИ И ВИНИЧЕ

Гребениот асфалт од санацијата на делот од обиколницата во Стајковци го искористивме за да ги тампонираме улиците во повеќе населени места.

Со гребен асфалт се изврши рехабилитација на улиците во населените места Раштак, Булачани, Црешево, Страчинци и Виниче.





# ВЛОЖУВАМЕ ВО ПОДОБРА ИНФРАСТРУКТУРА, РЕКОНСТРУИРАНИ ПОВЕЌЕ ОД 30 УЛИЦИ

Општина Гази Баба започна со нов концепт за обнова на патната инфраструктура. Се гради плански, без селекција, со јасно утврдена динамика согласно годишната програма.

Во изминатата година изградени и обновени се повеќе од 30 улици во повеќе населени места, со вкупна должина од 15 километри. Изградена е водоводна мрежа во должина од 6200 метри, канализациона мрежа долга 4000 метри, пешачки патеки и тротоари во должина од 5500 квадратни метри. Изградени и проширени се пет паркиралишта.

Изградени и реконструирани се следните улици:

Изградба на нова сервисна улица и паркинг кај амбулантата во Ченто

Изградба на улица Товарник број 1

Изградба на улица 28 во Синѓелиќ

Изградба на нова сервисна улица во новата населба Хиподром 2

Реконструкција на улица Гемиџиска

Реконструкција на улица Камник

Реконструкција на улица Индустриска

Реконструкција на улица 3 во Инџиково

Реконструкција на улица 5 во Инџиково

Реконструкција на улица 7 во Инџиково

Реконструкција на улица 9 во Инџиково

Реконструкција на улица 10 во Инџиково

Реконструкција на улица 11 во Инџиково

Реконструкција на улица 13 во Инџиково

Реконструкција на улица 15 во Инџиково

Реконструкција на улица 20 во Инџиково

Реконструкција на улицата од бензинската пумпа ЛУКОИЛ до стрелиштето Камник

Реконструкција на патот Стајковци – Брњарци

Реконструкција на улици во Кадриово Мало

Реконструкција на улици во Попово Мало

Реконструкција на крак од улица 6 во Стајковци

Реконструкција на улица 2 во Брњарци

Реконструкција на улица Гоце Делчев во Стајковци

Реконструкција на сервисна улица и паркинг поред ООУ 25-ти Мај

Реконструкција на улицата Сава Михајлов

Краци на улица 1 и 2 Трубарево

Улица 18 крак 8 Трубарево

Улица 3 во Триангла

Улица 5 во Стајковци

Улица 6 во Стајковци

Реконструкција на патот Јурумлери – Долно Лисиче – Драчево заедно со ЈП Државни патишта









## *Обновено детското игралиште на улица Габреш*

Направивме целосна обнова на детското игралиште Габреш. Стариот песок беше заменет со нова гумирана подлога која е побезбедна за дечињата. Обновени и поставени се нови реквизити на игралиштето, а од страна на Јавното комунално претпријатие Гази Баба е поставена и нова урбана опрема.

Покрај ова игралиште реконструирани беа и други 10 детски игралишта, а општина Гази Баба продолжува и во наредниот период со целосна обнова на детските игралишта со цел да овозможиме побезбедни услови за игра на најмалите.





# ГИ ПОДОБРУВАМЕ УСЛОВИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Вложуваме во образованието, ги подобруваме условите во училиштата со цел да обезбедиме подобри услови за одржување на наставата.

Минатата година општината одвои средства од буџетот и заедно со училиштата изврши реконструкција на училиштата.

Заменет е кровот во ООУ „Његош“ со вкупна површина од 1300 метри квадратни хоризонтална површина, како и 1600 метри квадратни коса површина со вкупна вредност од 2.355.000 денари.

Во ООУ „Наум Наумовски Борче“ извршена е реконструкција на 13 санитарни јазли.

Извршена е замена на старите прозори на вториот и третиот кат во ООУ „Стив Наумов“, како и замена на вратите со вкупна вредност од 4.111.698 денари.





## *Сингелиќ и Стајковци добија канцеларија за превенција, општината води сметка за безбедноста на граѓаните*

Стајковци и Сингелиќ добија канцеларија за превенција, со што им излегуваме во пресрет на граѓаните да добијат помош и услуги од полицијата во доменот на нивната надлежност, тие ќе можат да ги пријават сите повреди на слободата и правата, а преку директната комуникација со полицијата ќе се работи на поголема превенција.

Целта е граѓаните да се чувствуваат безбедно во местото каде што живеат и во нејзината најблиска околина, како и да добиваат информации од односи со јавноста во рамки на општата безбедност и превенирање на општи мерки како и подобрување на општата безбедносна состојба.

Еден ден во неделата, службените лица од оваа канцеларија за превенција ќе им бидат на располагање на граѓаните од 09 до 14 часот, за се што ги интересира или загрижува во врска со безбедноста, а ќе имаат и средби со позорните службеници.

Покрај превентивната полициска канцеларија, ќе има и простории на ОБСЕ, на месната заедница, како и на Министерството за правда, односно станица на управата за вадење на матични книги како и 2 службени лица од Министерството за труд и социјална политика.

Канцелариите се комплетно функционални, комплетно реновирани, со нов покрив и целосно нова внатрешност и надворешност.









# ЈКП ГАЗИ БАБА ПРЕРАСНА ВО ВИСТИНСКИ СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 прерасна во вистински сервис на граѓаните. Претпријатието во минатото не располагаше со потребната опрема, а бројот на работници беше премал, за да може сериозно да ги извршува своите дејности за кои е основано.

Со домаќинското работење ,заштедените средства од 8 милиони денари ги вложивме во набавка на нова опрема за ЈКП Гази Баба 2007. Набавивме нови рачни и моторни косилки, тримери и телескопи, со кои претпријатието полесно може да ги извршува своите задолженија за одржување на јавното зеленило. Набавена е и нова тешка механизација багер, камион скипер, како и камион со дигалка. Со оваа нова механизација претпријатието може полесно да ги чисти површините каде е лоцирана дива депонија, како и да го одржува јавното осветлување.

На овој начин разработени се повеќе дејности кои ЈКП Гази Баба ги има предвидено во својот Статут со цел овозможување на повеќе приходи во самото претпријатие.

Бројот на ангажирани вработени е дуплиран на 70, од претходните 13. Покрај ова зголемување на бројот на вработени, сепак во иднина потребно е дополнително зголемување на вработените со цел подобро покривање на територијата на општината за која надлежно е ЈКП Гази Баба 2007. После осум години вработените на ЈКП Гази Баба добија нови заштитни униформи.

Стариот административен простор со површина од 20 м2 кои досега го користеше ЈКП Гази Баба го заменуваме со нов модерен деловен простор на површина од 300 м2 лоциран до кино Маџари. Во овој нов објект ќе биде сместена администрацијата на претпријатието, работилницата за изработка на урбана опрема, како и целата механизација на претпријатието.

Согласно годишната програма ЈКП Гази Баба изработи и постави нова урбана опрема, корпи и клупи, низ сите населени места во општината, а извршена беше и обнова на старата урбана опрема.

ЈКП Гази Баба редовно ги чисти и одржува каналите и каналската мрежа. Целосно беше исчистен каналот од Сингелиќ до Црешево. Заедно со АД Водостопанство и МЗШВ беа исчистени каналите во Страчинци и Виниче. Заедно со ЈП Водовод и Канализација беше исчистен каналот во Економија, каде заедно со службите на ЈП Водовод и канализација пристапивме кон подготовка на техничко решение за одводнување на атмосферските и фекални води во реципиент што се наоѓа до надвозникот кај обиколницата.

Во повеќе акции беа чистени лоцирани диви депонии на територија на општината. Целосно беше исчистена дивата депонија кај каналот во Страчинци, депонијата кај Смилковско езеро, депонијата на улица Никола Карев во Стајковци.

ЈКП Гази Баба организираше повеќе еко акции со граѓанските здруженија. Заедно со здружението на граѓани Акцијаши, беше организирана голема акција за чистење на општината во која учество земаа студентите од шумарскиот и земјоделскиот факултет.









### СТОЛТЕНБЕРГ ВО ПОСЕТА НА СТАЈКОВЦИ:

# НАТО Е ПОДГОТВЕНА ДА ЈА ПРИФАТИ МАКЕДОНИЈА ВО ГОЛЕМОТО СЕМЕЈСТВО



Градоначалникот на Гази Баба, Борис Георгиевски, беше домаќин на Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг во Стајковци. Граѓаните на ова населено место имаа ретка можност да се сретнат со високиот делегат на Алијансата. Георгиевски преку изложба му ја долови атмосферата на Столтенберг по водената стихија која го зафати Стајковци каде интервенираа припадниците на НАТО и му додели благодарница за несебичната помош од НАТО во справувањето со штетите од поплавите во 2016 година.

Меѓу другото, градоначалникот посочи дека НАТО отсекогаш бил наш партнер и сојузник и ни помагал при справувањето со бројни предизвици и дека е убеден дека ќе ја искористиме поканата и подадената рака од НАТО - Македонија 30 - та земја членка на НАТО Алијансата.

Столтенберг пак, посочи дека НАТО Алијансата е подготвена да ја прифати Македонија како 30-та земја членка. Според него, ако Македонија го имплементира Договорот од Преспа, ќе стане земја членка на НАТО. Покрај ова, тој изрази надеж дека следниот пат кога ќе дојде во земјава, ќе посети земја членка на НАТО Алијансата.









# Најзначајни проекти и активности во првата година

→Изградени и рехабилитирани повеќе од **30 улици**, во должина од над **15 километри**;
→Изградена водоводна мрежа во должина од **6200 метри;**
→Изградена канализациона мрежа во должина од **4000 метри**;
→Пешачки патеки и тротоари во должина од **5500 квадратни метри;**
→Целосно дограден и опремен **Домот на култура** во Автокоманда;
→**Реконструирани објектите** на месните заедници во Стајковци и Синѓелиќ;
→**Опремено и модернизирано** јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007;
→Нови домашни и странски инвестиции во вредност од **331 милиони евра** кои ќе отворат **нови 1000 работни места**;
→Изградба на **вакуум станица** во Јурумлери;
→Обезбедена **чиста вода за пиење** во високата зона на Раштак;
→**Изградба на нова градинка** во Стајковци;
→**Нов плоштад** Коцка во Автокоманда;
→**Нова фитнес зона** во парк шумата Гази Баба;
→**Извршен прекоп** за поврзување на Трубарево кон канализациската мрежа;
→Изградба на **нова спортска сала** за ООУ „Вера Јоциќ" во Хиподром;
→**Нова училишна зграда** за ООУ „Вера Јоциќ" во Хиподром;
→**Проширување на градинките** "Морковче„ во Јурумлери и "Калинка„ во Железара;
→**Заменет покривот** во ООУ "Његош„;
→Целосно **заменети прозорите** во ООУ "Стив Наумов„;
→Поставени **смарт табли** во основните училишта;
→**Обновување на фасадата** на ООУ "Дане Капчев„;
→**Реконструирани санитариите** ООУ "Наум Наумовски Борче„ и ООУ "25-ти Мај„;

1 ГОДИНА МАНДАТ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

# СОЗДАВАМЕ ЗАЕДНО

## ОТВОРЕНА, МОДЕРНА И РАЗВИЕНА ОПШТИНА

→Се подготвуваат **24 детални урбанистички планови**;
→**Забрзан процесот на легализација** на бесправно изградените објекти;
→Субвенции за **реконструкција на кровови** за 10 станбени згради;
→Доделени **83 решенија за субвенции** на печки на пелети;
→Субвенции за **изградба на два лифтови**;
→**Стипендии** за талентирани ученици и спортисти;
→**Нов дневен центар** за деца со посебни потреби во Автокоманда;
→Отворена **канцеларија за млади** во Ресурсниот центар;
→Обнова на Финскиот парк;
→Чистење на депониите, јавните површини и каналската мрежа;
→Проект за изведба на термо фасади на зградите;
→Доделени два гранта од 100.000 денари за **млади иноватори;**

Следете ја нашата работа на:

@GeorgievskiBoris
@boris_georgievski
@OpstinaGaziBaba
www.gazibaba.gov.mk



# МАНИФЕСТАЦИЈАТА “СРЕЌНО ПРВАЧИЊА” НА ЕДНО МЕСТО ГИ СОБРА СИТЕ ПРВООДЕЛЕНЦИ

Општина Гази Баба за прв пат ја реализираше манифестацијата “Среќно првачиња”, каде на едно место ги собра сите деца кои за прв пат седнаа во училишните клупи.

Градоначалникот Борис Георгиевски ги поздрави сите првачиња и им посака многу среќа во воспитно - образовниот процес, во новата етапа од вашиот живот.

- Секогаш со љубов да настапувате кон науката, со песна и игра да учите и најубавиот период од вашиот живот да го посветите и да се изградите во образовани личности, за еден ден да станете витални столбови на нашето општество. Столбови кои со знаење ќе овозможат подобра иднина како за себе, така и за општина Гази Баба.

Со свечена приредба настапија Златните славејчиња, Маша и Медо, Еурека, кловнот Лили, со што успеавме да им го направиме повозбудлив почетокот на учебната година.






# “ТАНЦОТ НА ПОЛУМАТУРАНТИТЕ” ЗА ПРВПАТ РЕАЛИЗИРАН НА ПЛОШТАДОТ АВТОКОМАНДА

Плоштадот во Автокоманда беше епицентарот каде на едно место се собра 600 полуматуранти од сите 11 основни училишта, кои преку танцот го одбележаа крајот на основното образование.

Под водство на училиштето за танц Еурека, полуматурантите танцуваа под слоганот “Од полуматура, до танц култура”.

Оваа манифестација ја организираше за првпат ја организираше општина Гази Баба. Градоначалникот Борис Георгиевски на чија идеја се спроведе овој настан, им посака среќа во наредниот процес на образование и изрази задоволство за успешната реализација и порача дека оваа манифестација ќе прејде во традиција.

Претходно, учениците дефилираа од кружниот тек во Железара до Автокоманда на плоштадот. По танцот, беше организирана и забава со групите од студиото за танц Еурека, како и настап на македонски пејачи и ди џеј-и.







# ОТВОРЕН ДЕН НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Општина Гази Баба заедно со факултетите од УКИМ, кои се наоѓаат на нејзина територија, организираше отворен ден, каде матурантите одблиску се запознаа со можностите и наставните програми кои ги нудат овие факултети. На плоштадот во Автокоманда, свои штандови имаа природно математичкиот факултет, факултетот за земјоделски науки и храна, факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер, шумарскиот факултет и факултет за ветеринарна медицина.

Професорите заедно со студентите одговараа на секое прашање на матурантите, ги запознаваа со процесот на студирање, кои области и науки ги опфаќаат нивните факултети и што ќе можат да работат по завршувањето на студиите.








## *Доделени стипендии за талентирани ученици и спортисти*

Градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски ги додели стипендиите за талентирани ученици и спортисти.

Вкупно 11 талентирани ученици и 11 спортисти добија стипендии од општината во износ од 21.000 денари.

Преку овој начин општината дава поддршка на талентираните ученици и спортисти во понатамошно вложување во себе и својот талент да се надоградуваат и да бележат нови успеси.



## *Проектот за дуално образование*

Општина Гази Баба преку бизнис клубот, заедно со поддршка на Министерството за образование и наука започнува процес за дуално образование во општината.

Сите ученици од средните стручни училишта на територија на општина Гази Баба ќе имаат можност за практична настава во компаниите кои работат во општината. Преку оваа можност учениците ќе добијат шанса за реална практична настава која ќе им помогне да го усовршат своето стекнато знаење.

Учениците кои преку практичната настава ќе покажат добри резултати во компаниите ќе добијат и можност за вработување во нив.

# ГРАДИМЕ ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА – ПРОЕКТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И МОН

Повеќе од 400 ученици и 100 наставници од сите 11 основни училишта во општината, 10 месеци заедно во мешани групи од сите етнички заедници го работеа проектот „Градиме заедничка иднина“ кои беше помогнат од општината Гази Баба.

Учениците заедно соработуваа и го подготвија „Водичот низ Гази Баба“, како и еко флаерот за подигнување на јавната свест кај граѓаните кои ги презентираа на денот на општината.

Сите овие дечиња обединети и тимски покажаа дека само сплотени можеме да одиме напред и да градиме едно заедничко општество за сите.





## *Започна поставувањето на дигитални табли во основните училишта*

Во ООУ „25 Мај“ беа промовирани смарт дигитални табли по Проектот дигитално училиште - знаењето нема граници.

Во 14 кабинети беа инсталирани дигитални табли со кои им се олеснува работата на наставниците и учениците и се осовременува одвивањето на воспитно образовниот процес.

На настанот присуствуваше градоначалникот Борис Георгиевски, кој ја истакна важноста на воведувањето на дигиталните табли во образованието. Исто така, тој рече дека од буџетот на општината се обезбедени средства за набавка на дигитални табли во сите училишта во општината кои во наредниот период ќе се поставуваат.



## *Одбележан денот на учителот со дебата на тема „Потребите од промена во воспитно - образовниот процес“*

На светскиот ден на учителот, општина Гази Баба организираше дебата на тема „Потребите од промена во воспитно - образовниот процес“. На дебатата со многу истакнати професори, присуствуваше и заменик министерот за образование Петар Атанасов, каде се разменија многу интересни идеи како да стигнеме до посакуваната цел, а тоа е квалитетен образовен систем.

Градоначалникот Георгиевски се залага за подобрување на условите во училиштата, во тековната година се заменуваат старите прозорци во ООУ „Стив Наумов“, се врши реконструкција на крововите на училиштата, а во фаза на градба е и ново основно училиште. Најважно е децата да имаат современи техники за учење и токму затоа започнавме со поставувањето на смарт табли во сите училишта во општината.

Приоритетно е нашиот образовен процес да им овозможи на учениците настава која ќе ги направи конкурентни на пазарот на труд, како би имале можност за брзо вработување по завршувањето на образованието.

# РЕГИОНАЛНИ ХОРСКИ И ОРКЕСТАРСКИ СМОТРИ

Во ООУ „Дане Крапчев" се одржаа Регионалните хорски и оркестарски смотри. Во категорија хорови, првото место го освои хорот на ООУ „Наум Наумовски Борче", под раководство на наставничката Весна Трајковска, а во категорија оркестри, првото место го освои ООУ „Дане Крапчев", под раководство на наставникот Ванчо Јовчев и двете училишта од општина Гази Баба.

Хорот од ООУ„Наум Наумовски Борче" и оркестарот на ООУ „Дане Крапчев" учествуваа на државниот натпревар за хорови и оркестри кои се одржа во Валандово, каде ги освоија првите места во двете категории.





## Набавени филтри за вода во училиштата и градинките

Здравјето на децата ни е најважно, сакаме да сме сигурни дека пијат чиста и здрава вода за пиење. Општина Гази Баба од својот буџет за 2018 година одвои 600.000 денари за набавка и поставување на филтри за вода во јавните институции.

Три основни училишта и три градинки беа опфатени во овој проект. Согласно програмата за работа поставени беа филтри за вода во училиштата ООУ „Дане Крапчев", ООУ„Крум Тошев" и ООУ„25-ти Мај", како и во градинките Темјанушка и Пони, објекти во рамки на градинката Детска радост и градинката 25-ти Мај во Ченто.





## Презентација на Еразмус + во Гази Баба

Во просториите на општина Гази Баба, на 21.02.2018 година се одржа презентација на Програмата на европската унија за образование, обука, млади и спорт.

Пред присутните директорот од Јавните детски установи, основни училишта и општинската администрација, се обрати директорката на Националната Агенција Лидија Димова, а свои презентации имаа претставници од Националната Агенција и од ООУ „Кирил и Методиј" од Стајковци.

# ГАЗИ БАБА ЌЕ ДОБИЕ НОВ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Дневниот центар за деца со посебни потреби кој досега беше сместен во просториите на градинката Калинка во Железара, добива нова локација.

Нов простор за потребите на дневниот центар ќе биде изграден во Автокоманда на површина од 192 метри квадратни.

На јавниот повик од страна на УНДП општина Гази Баба аплицираше со проект за изградба на нов дневен центар за деца со посебни потреби. Проектот беше одобрен и општината заедно со заедно со УНДП и Министерството за труд и социјална политика го работат овој проект.




Вкупната вредност на проектот изнесува 5.700.000 денари, општината од својот буџет има одвоено 2 милиони денари, со сума од 2 милиони денари учествува и УНДП, а Министерството за труд и социјална политика издвојува 1.700.000 денари.

# ДЕТСКА СЛИКОВНИЦА „ПАТУВАЊЕ НИЗ ВРЕМЕТО СО ГОЛЕМАТА МАЈКА“

Градоначалникот Борис Георгиевски присуствуваше на промоција на сликовницата „Патување низ времето со Големата Мајка“ во музејот на град Скопје. Сликовницата беше под менторство на психологот во градинката Детска радост, Славица Благоевска и заедно со децата, ја изработија откако ја добија идејата при посета на Музејот на град Скопје, каде прашале како дошла Голема-та Мајка во музејот.

Во подготовките се вклучија воспитувачките од градинката и нивните родители.

Исто така, децата изработија макети од Големата Мајка, кукли, како дечињата ја замислуваат Големата Мајка, слики на камчиња, Изложба на ликовни творби на децата од големите групи – учесници во проектот Големата Мајка.

Изложбата е во рамки на Скопско лето 2018, а под покровителство на општина Гази Баба.










## *Прочистувачи на воздух доби градинката Морковче како донација од ЛУКОИЛ*

ЛУКОИЛ како општествено одговорна компанија донираше пет прочистувачи за воздух во градинката Морковче во Јурумлери.

На овој начин соработката на општина Гази Баба и ЛУКОИЛ се зајакнува и иста-та ќе продолжи и во иднина.

Општина Гази Баба заедно со општествено одговорните компании работи на подобрување на условите за живот на граѓаните во општината.

# ЗАЕДНО СО ГРАДОТ СКОПЈЕ ГИ РАСЧИСТУВАМЕ ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

Општина Гази Баба заедно со градот Скопје и јавните претпријатија на градот и општината организираа повеќе акции за чистење на диви депонии.

Лоцирани беа 10 локации каде има активни диви депонии, кои во текот на овие две акции беа целосно исчистени, меѓу нив и поголемите депонии лоцирани кај Арачински пат и покрај ООУ„Наум Наумовски Борче".

Покрај дивите депонии во заеднички акции со градот Скопје се работеше на координирано уредување и одржување на јавното зеленило и на улиците.






# Советот на општина Гази Баба го прогласи делот на Скопска Црна Гора за ерозивно подрачје

Општина Гази Баба, заедно со Центарот за развој на Скопски плански регион, ќе работат за разрешување на проблемите со поројните води на Скопска Црна Гора. Со заеднички средства ќе изработат студија преку која ќе ги мапираат проблемите, за ефикасно да бидат решени.

Целта е преку овој долгорочен проект да се спречи водната ерозија во овој регион и никогаш да не се дозволи да се повтори катастрофалната поројна поплава која се случи во август, 2016 година, во која најзасегнати беа токму овие села во подножјето на Скопска Црна Гора.

Токму затоа, општината претходно ја донесе и одлуката за прогласување на Скопска Црна Гора за ерозивно подрачје. Со оваа одлука пределот кој е опфатен како ерозивен е целосно заштитен, забрането е сеча на дрва и истиот е предвиден целосно одново да се пошуми.

# За една година доделени 650 решенија за легализација

Општина Гази Баба за една година додели повеќе од 650 Решенија за легализација на бесправно изградени објекти. Целта е овој процес да се забрза и што повеќе граѓани да можат да го решат овој имотно – правен проблем, а со тоа и да се урбанизира и модернизира општината.



**НН: ПРОЕКТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И УНДП**

# Доделени 12 договори за ангажирање на лица за општокорисна работа

Општина Гази Баба во соработка со УНДП, додели 12 договори за ангажирање на лица за општокорисна работа. Три лица ќе се грижат за стари и изнемоштени лица, додека останатите 9, ќе се грижат за исто толку лица со посебни потреби во четири општински основни училишта, помагајќи им во наставата.

Ова е втор проект на кој општина Гази Баба работи заедно со УНДП во насока на подобрување на условите за деца со посебни потреби. Со нивна помош ќе се гради и новиот дневен центар за деца со посебни потреби во Автокоманда.



# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ДОДЕЛИ ДВА ГРАНТА ЗА СТУДЕНТИ ИНОВАТОРИ

Општина Гази Баба за првпат стартуваше со поттикнување и развивање на иновативноста кај студентите. За таа намена, општината започна со доделување на грантови, во висина од по 100.000 денари. Целта е студентите рационално да го искористат своето време додека студираат и професионално да се развиваат кон она што сакаат да работат токму преку овие проекти. Реализацијата на ваквите проекти во иднина значително ќе придонесат за развојот на општината.

На јавниот конкурс што беше објавен на 12-ти април, а кој траеше до 04-ти јуни, се пријавија 3 факултети кои се наоѓаат на територија на Гази Баба и тоа, Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот Гоце Делчев, Факултетот за земјоделски науки и храна како и Шумарскиот факултет.

Грантови добија два проекти и тоа "Иновативен модуларен уред за контрола на наводнување " на група студенти од Земјоделскиот факултет и проектот "Зелена лична карта на Дендро паркот " од Шумарскиот факултет.

Иноваторите, средствата ќе ги добијат во два дела. 50% пред имплементацијата на проектот а остатокот, откако ќе биде завршен. Крајниот рок за нивната реализација беше до 30 октомври, оваа година.

Во меѓувреме, Гази Баба продолжува со поддршка на три старт ап – фирми, а во тек е и проектот за семејно земјоделско стопанство.






## Секој четврток отворен ден за граѓаните



Општина Гази Баба секој четврток, во 12 часот ги отвора вратите за граѓаните. Градоначалникот Георгиевски заедно со раководителите на секторите, одговараат на прашањата на жителите.

Со тоа им се помага на граѓаните на полесен начин да дојдат до одговор за прашања за кои е надлежна општината. Целта е сите заинтересирани, што поскоро и полесно да дојдат до потребните информации како да ги решат своите проблеми за кои е надлежна општина Гази Баба.

## Субвенции за реконструкција на лифтови

Општина Гази Баба води сметка за безбедноста на граѓаните. Токму затоа, една од мерките кои ги презема општината за оваа намена е доделување на субвенции на куќните совети за реконструкција на постоечки лифт.

Граѓаните, за оваа потреба можеа да се пријават на јавен повик кој го распишува општината.

Вкупната сума која општината ја одвои за оваа намена е 2 милиони денари.

# ОДРЖАНИ ТРИ КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ И ДОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА ЗА КРВОДАРИТЕЛИТЕ



Општина Гази Баба заедно со општинската организација на Црвен Крст Гази Баба и Заводот за трансфузиона медицина – Скопје, организираа три крводарителски акции во текот на годината „Дари крв подари живот» кои се одржуваа во просториите на општината или пак во просториите на урбаните и месни заедници.

Традиционално во општина Гази Баба се одржуваат крводарителски акции веќе 10 години по ред, на пролет, на лето и во ноември по повод Денот на општина Гази Баба.

Меѓу крводарителите на последната акција која се одржа во општина Гази Баба беше и градоначалникот Борис Георгиевски кој по 29-ти пат даруваше крв, тој воедно ги поздрави и разговараше со присутните крводарители и медицинските екипи и ја истакна важноста на ваквите хумани акции, бидејќи секоја капка крв е драгоцена и може да спаси човечки живот.

На крводарителите кои повеќе од 25, 50, 75, 100 и повеќе пати дарувале крв им беа доделени признанија, на најдобра работна организација, најдобра образовна институција од средно и високо образование и најдобар организатор (мотиватор) за крводарителски акции за 2017 година.

## *Традиционално осмомартовско женско рели во Гази Баба*

Под покровителство на општина Гази Баба, а со поддршка на здружението за борба против ракот Борка, се одржа традиционалното женско рели на паркингот до плоштадот во Автокоманда.

Овогодинешното женско рели беше во насока женското здравје, рано откривање и превенција за рак на дојка.

На градоначалникот Борис Георгиевски му беше доделена благодарница од страна на О.К. Класик за поддршката при организацијата на женското рели.






## *Општината доби сертификат за нов ИСО стандард*



Градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски се сретна со проверувачот Васко Темелковски од сертификационото тело ИНТЕРЦЕРТ, кој му го додели новиот сертификат за ИСО стандард 9001:2015 и кој ќе важи до 09.03.2020 година. Ова значи дека општината го применува системот за менаџмент согласно барањата за стандард и квалитет, а се користи заради подобрување и задоволување на услугите на граѓаните од страна на општина Гази Баба и реализација на процесите.

Сертификационото тело ИНТЕРЦЕРТ е акредитирано од Институтот за акредитации на Р.М. Претходно општина Гази Баба го користеше ИСО стандардот 9001:2008, сертифициран од SIQ Љубљана, Словенија. Бидејќи системот за квалитет ИСО9001:2008 престанува да важи во декември 2018, општина Гази Баба беше должна да се транформира во ИСО стандард 9001:2015.

# Нова фитнес зона во парк шумата Гази Баба

Градоначалникот Борис Георгиевски заедно со директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски ја пуштија во употреба новата фитнес зона во парк шумата Гази Баба.

Фитнес зоната ја градиме заедно АМС на површина од 200 квадратни метри, содржи девет реквизити за спорт и рекреација, наменети за сите возрасти, а дел од нив ќе бидат адаптирани и за лицата со хендикеп.

Целта на овој проект е граѓаните да добијат место наменето за рекреација и спорт и тоа во природа, во парк шумата, која претставува природно богатство на општината. Во таа насока заедно со градот Скопје следува и поставување на дополнителна урбана опрема со што парк шумата Гази Баба ќе ја прерасне во вистинско рекреативно катче за сите граѓани.





# Општина Гази Баба ќе добие патека за биатлон

Општина Гази Баба ќе добие патека за биатлон во должина од 150 метри која ќе започне од тунелот во Камник и директно ќе се поврзе со стрелиштето во Камник.

Оваа патека е единствена во Македонија и ќе служи за тренинг на биатлонците пред европските и светски натпревари во летниот период.

На последните олимписки игри во Пјонг Чанг во Јужна Кореа како општина имавме свој претставник. Нашата Викторија Тодоровска ги бранеше боите на Македонија и општина Гази Баба, нашата поддршка за Викторија продолжува и во иднина.

# Одржан четвртиот турнир во фудбал Гази Баба Куп 2018

Турнирот беше во организација на Здружението "Спорт Јуниор", во координација на Општинскиот фудбалски сојуз Гази Баба, под покровителство на градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски, а со поддршка на Фудбалска Федерација на Македонија, Агенцијата за млади и спорт. Учествуваа 64 екипи во младинска категорија на возраст од 10, 11,12 и 15 години.

Градоначалникот Георгиевски ги поздрави присутните и ги подели наградите на најуспешните со сите категории.

„Општина Гази Баба секогаш дава голема поддршка во спортските настани и активности, особено во оние каде се вклучени деца од подрачјето на нашата општина. Целта на овој турнир е да им се понуди на децата можност да одиграат силни меѓународни натпревари со екипи од други земји и секој учесник да добие незаборавно искуство кое ќе го понесе дома", посочи Георгиевски.





# Поддршка за Викторија Тодоровска на зимските олимписки игри во Јужна Кореа

Градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски оствари средба со македонската репрезентативка Викторија Тодоровска која не претставуваше на Зимските Олимписки Игри во Пјонгчанг, Јужна Кореја.

Општина Гази Баба која го поддржува биатлонот како спорт повеќе години, оваа година ја поддржа и Викторија Тодоровска со 120.000 денари за поуспешен настап на зимските олимписки игри.

Со желба за квалитетен настап, остварување на добар резултат и најдобар можен пласман, градоначалникот Георгиевски на репрезентативката, а воедно и жителка општината и посака среќен пат и успешни резултати на Олимпијадата.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГЕОРГИЕВСКИ УЧЕСТВУВАШЕ НА 15-ТИОТ СОСТАНОК НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ЕУ

Градоначалникот Борис Георгиевски учествуваше на петнаесеттата седница на заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.

Првата тема, на која секогаш се дискутира на состаноците на ЗКК, се однесува на „Размена на ефективен ангажман на локални и регионални власти на патот на пристапување кон ЕУ". Втората тема е променлива и на овој е посветена на „Фискална децентрализација и политика на локални давачки".





Заедничкиот консултативен комитет е заедничко тело на локалните власти на Македонија и ЕУ што делува во рамки на Комитетот на регионите на ЕУ каде членуваат 12 градоначалници и членови на општинските совети се од Македонија.

## СРЕДБИ СО ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА



*Средба со амбасадорот на Франција во Македонија, Н.Е. Кристијан Тимоние*



*Средба со амбасадорката на Србија во Македонија, Н.Е. Душанка Дивјак – Томиќ*



*Средба со амбасадорот на Италија во Македонија, Н.Е. Карло Ромео*



*Средба со претставникот на мисијата на ОБСЕ во Македонија, Матијас Бихлер*

## *Поддршка од Германската амбасада за кризниот центар "Надеж"*

Германската амбасада, општина Гази Баба и Кризниот центар за семејно насилство "Надеж" потпишаа договор за соработка.

Со овој договор се поддржува работата на центарот за жени, кој се наоѓа во општина Гази Баба и ќе биде набавена нова опрема за нивните потреби.

Амбасадорот Томас Герберих изрази задоволство што ќе може да помогне во подобрувањето на условите на единствениот кризен центар за жени во цела Македонија и посочи дека и во иднина ќе ги поддржува проектите кои се однесуваат на заштитата од семејно насилство.

Градоначалникот Георгиевски најави дека општина Гази Баба во следниот период ќе понуди земјиште за изградба на "сигурна куќа", која ќе води целосна грижа за жртвите од семејно насилство.

# КУЛТУРНО ЛЕТО ГАЗИ БАБА 2018

Во рамките на културно лето „Гази Баба 2018“, општината организираше повеќе концерти во неколку населени места, кои беа прилагодени за сечиј вкус: концерт на забавна музика, кој се оддржа пред кино Маџари, концерт на народна музика, кој се одржа на плоштад Автокоманда; концерт на сериозна музика кој се одржа во паркот Ченто.

Во паркот „Борис Трајковски“ во Ченто, по повод 26 - ти јули, се одржа манифестацијата „Денови на солидарноста“,

Во н.м. Јурумлери, по повод празникот Петровден, се одржа манифестацијата „Петровденско чествување“.

Манифестација се одржа и во н.м. Инџиково.

На овие концерти учествуваа врвни музички имиња од македонската естрада.





## *Вкуси ја Гази Баба – вкус за сите генерации*

На плоштадот Коцка, преку манифестацијата “Вкуси ја Гази Баба – вкус за сите генерации“, граѓаните имаа можност да пробаат оригинални вкусови на храна и пијалоци, создадени од компании кои се наоѓаат во општина Гази Баба, да уживаат во богата музичка програма, која траеше целиот ден.

Посетителите слушнаа и едукативни совети од врвни стручни лица за готварството и здравата храна за сите возрасти. Со овој настан беше означено и отворањето на новиот плоштад Коцка во Автокоманда.













## *„Ревија на народни носии, народни инструменти и песни“ во Црешево*

По десетти пат во комплексот на Црквата Св. Спас во Црешево, се одржа манифестацијата „Ревија на народни носии, народни инструменти и песни“, која ја отвори градоначалникот, Борис Георгиевски.

Пред голем број на присутни, љубители на културното богатство, беа претставени носии од повеќе краеви на Македонија. Публиката имаше можност да слушне за значењето, потеклото и изгледот на носиите, да проследи ора од повеќе краеви, да слушне стари изворни народни песни, испеани од златните грла на нашите песнопојци.

Овој настан е единствено културно случување од ваков вид, каде фолклорот преку песна, игра, стари изворни инструменти и колоритот на македонската носија, прават еден неверојатен спој на културата и го претставуваат културното наследство на Македонија.





# МАНИФЕСТАЦИЈА „ГОЛЕМАТА МАЈКА“

Во неолитското село Тумба Маџари, по осми пат се одржа Манифестацијата „Големата Мајка“. Присутните гости ги поздрави и ја отвори Манифестацијата, градоначалникот Борис Георгиевски при што истакна дека општина Гази Баба ќе даде максимална поддршка во популаризација на овој локалитет, кој е многу важен за историјата на Македонија.



Оваа година се навршуваат 40 години од првите ископувања на археолошкиот локалитет и 10 години од започнувањето со изградба на неолитското село Тумба Маџари. Ретроспектива за активностите по повод двата јубилеја, презентираше М-р Елена Канзурова, од Археолошкиот Музеј на Македонија.



Во уметничкиот дел настапија Сашо Митев и составот за изворна музика, трио Пламенка Трајковска и трио Центлмен.

## Манифестација „Во чест на Гоце Делчев“

Во населеното место „Гоце Делчев“ на 4 - ти мај, по првпат се одржа манифестацијата „Во чест на Гоце Делчев“.

За доброто расположение на жителите од ова населено место, се погрижија Ансамблот за народни песни и ора „Јонче Христовски“, фолклорна група од населеното место Трубарево и естрадните уметници, Марјан Коцев, Даниела Темелковска, Душко Георгиевски и групата Лајв Бенд.

Оваа манифестација е ставена во Програмата за култура на општина Гази Баба со цел истата да прерасне во традиционална.



## По шести пат се одржа манифестацијата „Кирил и Методиј“

Во населеното место Стајковци, по шести пат се одржа манифестацијата „Кирил и Методиј“, која општината ја организира по повод славата на ова населено место.

Градоначалникот Борис Георгиевски ги поздрави присутните на манифестацијата и им ја честиташе славата на жителите на Стајковци.

Во забавниот дел учествуваа: КУД Скопје, чии членови учат во ООУ „Кирил и Методиј“ во Стајковци, ЦЕМФ Митеви, Аце Трифуновски, Сузана Јовчева, Ани Малинкова, Јане Дунимагловски, Милица Кузмановска и групата Лајв Бенд.



# 9-ти Меѓународен фолклорен фестивал "Гази Баба"

Во населеното место Булачани се одржа првата вечер од 9 - тиот по ред Меѓународен фолклорен фестивал «Гази Баба», кој го отвори градоначалникот Борис Георгиевски, а на кој настапија културно уметнички друштва од Романија, Полска, Србија, Хрватска и Ансамблот за народни песни и игри «Седенка» од Булачани.

Фестивалот беше во организација на Ансамблот за народни песни и игри «Јонче Христовски», а под покровителство на општина Гази Баба.

Втората и третата вечер од фестивалот се одржаа на плоштадот во Автокоманда и во населбата Железара.

# Одбележан 9-ти мај, Денот на победата и Денот на Европа



Во населбата Ченто, пред споменикот на прввиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов - Ченто, по повод одбележување на 9-ти Мај, Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, свежо цвеќе положија градоначалникот Борис Георгиевски, претседавачот на Совет, Тони Бојковски и членови на советот на општина Гази Баба.

# Манифестација „Ѓурѓовден"

Во црквите Св. Ѓорѓија во Сингелиќ и Трубарево, по шести пат се одржа манифестацијата „Ѓурѓовден", со што се одбележа овој голем христијански празник.

Во населеното место Сингелиќ настапија членовите на Центарот за едукација на македонски фолклор „Митеви" со повеќе кореографии.

Во населеното место Трубарево покрај ЦЕМФ Митеви настапија гостите од Фолклорниот ансамбл „Бисери" од Охрид, Фолклорниот ансамбл „Седенка" од Булачани, Културно уметничкото друштво „Гоце Маркоски" од Долно Лисиче и Ансамблот за народни песни и игри „Илинден" од Илинден.



# Манифестација „Спасовден" во Гази Баба

По повод христијанскиот празник Вознесение Христово - Спасовден, во црквата Св. Спас во населба Маџари, по третпат се одржа манифестација за одбележување на големиот празник.

Пред големиот број на граѓани настапија ѕвездите од македонската естрада: Дамјан Димески, Влатко Миладиновски, Ани Малинкова, Атина Апостолова, Дарко Билбиловски,Мишко Крстевски, Јасмина Гуњова и Марјан Коцев.



# Градоначалникот Георгиевски положи свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци од НОБ

По повод државниот празник 11 октомври - Денот на народното востание, градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски положи свежо цвеќе пред споменикот на ослободителите на Скопје, пред зградата на Владата на Република Македонија, како и пред Спомен плочата на паднатите борци од НОБ, лоциран во Маџари.

На овој ден, пред 77 години, се огласија истрелите од првите партизански пушки во Прилеп и Куманово. Тие беа првите искри кои го запалија факелот на слободата, започна славната четиригодишна Народноослободителна борба, која беше победоносна и резултираше со слобода и создавање на сопствена држава.



# Одбележана годишнината од смртта на Методија Андонов - Ченто



Во паркот во населбата Ченто, по повод одбележувањето на 61 годишнината од смртта на првиот претседател на президиумот на АСНОМ, Методија Андонов -Ченто, беше положено свежо цвеќе пред споменикот изграден во негова чест.

Свежо цвеќе положи делегација од општина Гази Баба предводена од градоначалникот на општина Борис Георгиевски, членови на Советот на општина Гази Баба, Здружение на пензионери и Здружението на граѓани- хероите на Македонија 2001.

# Со почит за бранителот Игор Николовски



На плоштадот во населбата Хиподром, градоначалникот Борис Георгиевски заедно со делегација на општина Гази Баба, членовите на Советот на општина Гази Баба, претставници од урбаната заедница Хиподром, роднини и пријатели, ја одбележаа годишнината од загинувањето на бранителот Игор Николовски.

Присутните оддадоа почит и положија цвеќе пред спомен плочата.

# Со почит кон нашите херои

На плоштадот во населеното место Стајковци, на спомен бистата на Бобан Ивановиќ, припадник на единицата за брзо распоредување, нашиот херој кој загина 2015 година во Куманово, свежо цвеќе положија: сопругата со семејството, родителите и братот, претставници од единицата за брзо распоредување, делегација од општина Гази Баба, предводена од градоначалникот Борис Георгиевски, делегација од Советот на општината, предводена од претседавачот, Тони Бојковски.

Со голема почит да се потсетиме на сите херои, кои покрај Бобан Ивановиќ го дадоа својот живот во одбрана на Македонија во 2015 година во Куманово: Горан Стојменовиќ од Инџиково, Жарко Кузмановски од Брвеница,



Ненад Серафимовски од Зубовце, Сашо Самојловси од Брвеница, Горан Илиевски од Гостивар, Исмедин Османи од Студеничани и Љубиша Аранѓеловиќ од Скопје.

Слава им и никогаш да не се повтори.




## Телефони на Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 |
| ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Архимедова 2, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| **Факс** | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** **mediumi@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Број за СМС комуникација на општина Гази Баба** | **070/254-772** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-4-22-22** |

Општина Гази Баба

**Редакција:**
Емилија Кипровска
Ана Урбан
Марко Данилоски
Елена Бошковска Крстевска
Мартин Симоновски
redakcija@gazibaba.gov.mk

**Печати:** Феникс Принт

**Тел:** +389 (0) 2/3212886